# ИЗВЕШТАЈ ОД КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНОСТА

# ПО
# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## ЗА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

**Април, 2015**

| | |
|---|---|
| Проект: | „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план (НСБРАП) и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност“ |
| Финансиран од: | Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) |
| Имплементациона агенција за ГЕФ: | Програма на Обединетите нации за животна средина (УНЕП), Канцеларија во Виена |
| Корисник: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Документ: | Извештај од консултации со јавноста за Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Национална стратегија за биолошка разновидност сс акциски план |
| Статус: | Финална верзија |
| Подготвено од: | Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) |
| Потписник на Извештајот: | Влатко Трпески<br>Раководител на Сектор Природа |
| Одобрил: | Игор Трајковски<br>Директор на Управата за животна средина, МЖСПП |
| Датум: | 24.04.2015 |

**СОДРЖИНА**

**1 ВОВЕД ..... 4**

**2 ЈАВНА РАСПРАВА ..... 5**

**2.1 ОДГОВОР НА ЗАБЕЛЕШКИТЕ ОД ОДРЖАНАТА ЈАВНА РАСПРАВА ..... 11**

**3 КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ ..... 11**

**4 КОНСУЛТАЦИИ СО ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ ..... 11**

**5 ЗАКЛУЧОК ..... 11**

Прилог 1 ..... 12
Прилог 2 ..... 15
Прилог 3 ..... 32

# 1 ВОВЕД

Во рамките на Проектот „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план (НСБРАП) и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност“, кој го спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање и Канцеларијата на Програмата на Обединетите Нации за животна средина (УНЕП) од Виена, со финансиска поддршка на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ), изработена е Нацрт Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план за период до 2020 година, со визија до 2050 година. Првата Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план е изработена 2004 година со важност на акцискиот план до 2008 година.

Со изминување на периодот за имплементација направена е оцена/ревизија на статусот на имплементација (целосно/делумно реализирана или нереализирана активност) на мерките и акциите од Планот на активности на Првата стратегија за биолошка разновидност, врз основа на што како и врз основа на новите потреби и барања пред кои е исправена Република Македонија, како членка на Конвенцијата за биолошка разновидност, се подготви нова генерација на стратешки документ - Национална стратегија за биолошка разновидност за период до 2020 година, со визија до 2050 година.

Анализата на спроведувањето на првиот акциски план за биолошка разновидност (за периодот 2003-2013 година) беше направена како прв чекор во процесот на ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план (НСБРАП), низ кој процес се направи проценка на состојбата со биолошката разновидност.

Врз основа на состојбата со биолошката разновидност, утврдените закани и причини за нереализација на целите и активностите од првиот Акциски план за биолошка разновидност, како дел од ревидираната Стратегија за биолошка разновидност, подготвен е нов Акциски план за биолошка разновидност до 2020 година.

Главната цел на првата Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план донесена во 2004 година, беше насочена кон „заштита на биолошката разновидност и обезбедување на нејзино одржливо користење заради благосостојба на луѓето, водејќи сметка за уникатните природни вредности и богатата традиција на Република Македонија“, и истата потсетува на долгорочната визија на земјата која е дефинирана во нацрт НСБРАП до 2050 година.

Во процесот на ревизија на првата НСБРАП, имајќи ги предвид глобалната визија и визијата на Европската унија за биолошка разновидност, како и националните потреби, преку процес на вклучување на релевантните засеганти страни е поставена долгорочна визија за состојбата со биолошката разновидност до 2050 година, која гласи:

***„Биолошката разновидност, уникатните природни богатства и традиционалните врски на луѓето со природата во Република Македонија се зачувани, вреднувани и обезбедуваат екосистемски услуги кои придонесуваат за благосостојбата на луѓето“.***

Во рамките на истиот Проект, Органот кој ја изработи Националната Стратегија за биолошка разновидност со акциски план, следејќи ги одредбите од Законот за животна средина, спроведе постапка за СОЖС, во рамките на која изработи Извештај за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Стратегијата.

Во рамките на процедурата за СОЖС, по завршување на периодот на учество на јавноста, Органот кој го изработува стратешкиот документ изготвува Извештај за консултации со јавноста, во согласност со член 69, став 5 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија”, бр. 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) и член 10 став, 2 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија”, бр. 147/08 и 45/11). Извештајот содржи одговор на

сите пристигнати прашања, мислења, предлози и забелешки, доставени од јавноста во текот на периодот предвиден за јавен увид на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина и Стратешкиот документ.

Во согласност со дефинираната СОЖС процедура во горенаведените законски акти, подготвените документи, Нацрт Извештајот за СОЖС, како и Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план беа достапни за увид од јавноста на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање во период од 30 дена од денот на објавување, односно од 20.03.2015 до 20.04.2015.

Во согласност со предвидениот законски рок за одржување на јавна расправа, Министерството за животна средина и просторно планирање организираше јавна расправа за Извештајот за стратегиска оцена на животната средина. Засегнатата јавност преку електронски медиуми беше информирана за местото и времето за одржување на јавната расправа (види Прилог 1).

## 2 ЈАВНА РАСПРАВА

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарантност и вклученост на јавноста во процесот на донесување на одлуки во однос на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план, на ден 07.04.2015 година во просториите на хотел „Порта“ во 12.00 часот се одржа јавна расправа по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Нацрт Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план. Целта на јавната расправа беше да се презентира содржината на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина и Стратегијата.

Компонентите на проектот, реализираните активности за изработка на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план и нејзината содржина беа презентирани од Акад. Владо Матевски, Тим лидер на проектот и М-р Робертина Брајаноска, Национален консултант за координација на проектот.

Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Нацрт Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план беше презентиран од Менка Спировска дипл. биолог, овластен експерт за СОЖС.

По завршување на презентацијата беше отворена дискусија. Од одржаната јавна расправа подготвен е записник кој е презентиран како Прилог 2 од овој Извештај. Исто така е приложена и листа на учесници од јавната расправа.

Во продолжение се дадени прашањата, одговорите и забелешките од јавната расправа.

**Табела 1** Дискусија на јавната расправа

| Дискусија на јавната расправа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Коментар | | Одговор | |
| 1 | Влатко Трпески, Раководител на Сектор Природа, МЖСПП | Ја подржува изработката на Стратегијата, но сака да праша дали постои добар пример или постапка како оваа Стратегија да се инкорпорира во другите секторски стратегии, како на пример во стратегиите за енергетика, шумарство и сл. | Факт е дека скоро сите земји го имаат проблемот со мегусекторската соработка за заштита на биолошката разновидност и одржливиот развој.<br>Владата ги координира работите за економски развој на државата, но недостасува свесност кај носителите на одлуки, особено при издавање концесии во природата за подрачја кои се каракеризираат со значајна биолошка разновидност и сл. Затоа е потребна едукација за подигање на свеста за вредноста на биолошката разновидност. При подготовка на Првата Национална стратегија за биолошка разновидност, постоеше комисија составена од членови, заменици министри, чија задача беше да го следат спроведувањето на Акцискиот план вклучително и измените на законската легислатива, но работите не се променија значително во таа насока. Кога станува збор за економскиот развој на државата се занемарува важноста на биолошката разновидност.<br>Државата може да искористи некоја од постојните алатки за усогласување на стратегиите, особено преку Советот за одржлив развој, кој претставува одличен механизам за меѓусекторска соработка. Преку ова тело може да се усогласат сите секторски стратегии, особено стратегиите за енергетика, транспорт, шумарство и сл., а исто така треба да се развие стратегија за патна мрежа, инфраструктура и сл. Но, покрај достапните алатки за постигнување на целите, од особена важност е желбата на Владата за постигнување на истите. | Менка Спировска, Експерт за стратегиска оцена на животната средина |
| 2 | | | Заштитата на биолошката разновидност е глобален проблем и затоа се усвоени Целите од Аичи за заштита на биолошката разновидност. Високо развиените земји ја уништуваат биолошката разновидност, но преземаат компезаторски мерки. Затоа треба да се дадат задолжителни мерки за секој инвеститор. Покрај постапките за СОЖС, ОВЖС и сл., треба да се започне со процедури на заштита на природата кои ќе | Даниела Рендевска, контакт лице за Конвенцијата за биолошка разновидност (КБР) од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | допринесат за заштита на подрачјата богати со биолошка разновидност вредни за заштита. | МЖСПП |
| 3 | Проф. Д-р Љупчо Меловски, ПМФ/МЕД | Во Република Македонија има механизами за заштита, но заштитата на природата не оди најдобро. Треба да постојат одделенија за заштита на биолошката разноводност во сите институции. Далеку е поисплатливо да функционираат такви одделенија, отколку да се инвестира во милионски проекти кои не може да се имплементираат заради заштитата на биолошката разновидност во заштитени или чувствителни подрачја. Типичен пример за тоа се инвестициите на ЕЛЕМ и заштитата на Националниот парк Маврово.<br>Во секторот шумарство има промени во свеста за заштита на биолошката разновидност, но сепак сеуште постојат проблеми во однос на комуникацијата.<br>Во делот на Извештајот за СОЖС, препораките повеќе наликуваат на акции, кои веќе се анализирани во Стратегијата. Истите треба да се ревидираат, односно да бидат поопшти и да дадат насоки како акциите да се имплементираат во секторите. Тоа е и главна цел на СОЖС.<br>Во однос на препораката финансиска анализа за придобивките и загубите од вградување на мерките за заштита на биолошката разновидност во сите сектори кои најмногу допринесуваат за состојбата со биолошката разновидност, треба да се земе предвид дека биолошката разновидност по дефиниција не е сектор. Како нација заедно со сите нации во светот сме должни истата да ја зачуваме. Биолошката разновидност има вредност како и културното наследство. Економските вредности од поединечни проекти не може да се споредуваат со овие вредности. Исто така заштитата на биолошката разновидност не е финансиска загуба, туку трошок кој државата треба да го плати. | Економските загуби се однесуваат на загуби во случај да не се имплементира некоја активност. Ова особено се однесува на концесии за минерални суровини, црпење вода и сл. Треба да се има предвид дека државата има стратешки цели во сите сектори и области, програми и сл. Како пример може да се земе Министерството за економија, кое има програми за експлоатација на рудни богатства и истите треба да се реализираат во даден временски период. Затоа од особена важност е при анализите да се земе предвид вредноста на биолошката разновидност, како и расположивоста со природни ресурси.<br>Во однос на забелешката која се однесува на препораките, истата се прифаќа и препораките ќе бидат ревидирани. | Менка Спировска, Експерт за стратегиска оцена на животната средина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | За загуба зборуваме кога веќе нешто постои од економски аспект, а мора да се затвори заради заштита на биолошката разновидност, а не на претпоставени активности или ресурси. | | |
| 4 | Александар Настов СП/УЖС, МЖСПП | За усогласувањето на секторите во делот за заштита на биолошката разновидност има добри примери (од Азија, Австралија, Америка, Европа), а исто така постојат и различни фондации. Како пример ги спомна фондовите во МЗШВ во областа на агробиодиверзитетот. Биолошката разновидност нема вредност, истата е непроценлива и мора да се искористат сите механизми за нејзина заштита. Владата не смее да спроведува проекти кои допринесуваат за загуби на биолошката разновидност и не смее да се уништуваат видови заради економски придобивки. | | |
| 5. | Деспина Китанова, МЕД | Скоро и да нема фонд за заштита на биолошката разновидност во државата, иако постојат странски фондови кои обезбедуваат донации за зачувување на биолошката разновидност. МЖСПП треба повеќе да се вклучи и насочи кон програмите на останатите секторски политики, како на пример програмата за рурален развој или ИПАРД програмата, кои вклучуваат активности за заштита на биолошката разновидност. Дури може да се вклучи и во програмите за енергетика. | При изработка на Националната Стратегија за биолошка разновидност, сите засегнати страни од секторите беа поканети и вклучени во изработка на документот, во согласност со Архуската Конвенција и барањата на донаторите за изработка на Стратегијата. Голем број стратешки документи во останатите министерства се изработени со донации, но мал број министерства при изработка на документите ги почитуваат обврските од Архуската конвенција за вклучување на засегната јавност. | Даниела Рендевска, контакт лице за Конвенцијата за биолошка разновидност (КБР) од МЖСПП |
| 6 | Претставник од Агро Фаланга | При изградба на проекти, оцената на биолошката разновидност да се врши пред изградба на проектот. Исто така, препораките за заштита на животната средина и биолошката разновидност да бидат обврзувачки за сите инвеститори, за да може навремено да се преземат мерки за заштита на биолошката разновидност. | За сите проекти во националното законодавство е дефинирана и се спроведува постапка на СОЖС, ОВЖС кој вклучува изработка на студија или елаборати. За проектите кои ќе имаат значителни влијанија, пропишани се мерки за компензација. Република Македонија е единствена земја во регионот, која води постапка и за прекугранични влијанија. Овие постапки МЖСПП ги споведува на највисоко ниво. | Даниела Рендевска, контакт лице за Конвенцијата за биолошка разновидност (КБР) од Министерството за животна средина и просторно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | планирање. |
| 7 | Сашко Јорданов, МЖСПП | Во Република Македонија постојат стратешки документи и законска регулатива за заштита на биолошката разновидност. Исто така, воспоставена е соработка помеѓу секторите, но истата треба да се унапредува. Потребно е да се разгледа можноста за формирање на посебен стручен орган на национално ниво, за вршење на стручни работи за заштитата на природата, а во таа смисла и на биолошката разновидност. Со цел да се унапреди спроведувањето на националната легислатива и меѓународните документи од областа на заштитата на природата и биолошката разновидност, потребно е на национално ниво да се зајакнат институционалните капацитети. | МЖСПП соработува со Советот за одржлив развој и во комуникација со истиот добиваат документи за кои треба да дадат свое мислења. Секторот Природа дава мислења кои треба да се вградат во документите кои се дадени на увид. | Даниела Рендевска, контакт лице за Конвенцијата за биолошка разновидност (КБР) од МЖСПП |
| 8 | Ана Петрова, РЕЦ | За превенција на биолошката разновидност од инфраструктурни проекти постои алатка, односно се издават услови за планирање на просторот од Агенцијата за планирање на просторот. Но, во Агенцијата за просторно планирање нема стручни лица или немаат капацитет за покривање на областа биолошка разновидност, затоа е потребно да се вработат стручни лица или Агенцијата да биде во постојана комуникација со Секторот природа при МЖСПП. Покрај услови за планирање, исто така може да се подготвуваат и финансиски анализи. | Министерството за животна средина и просторно планирање е во постојана комуникација со Агенцијата за планирање на просторот. Имајки предвид дека Студијата за природно наследство изработена за потребите на Просторниот план е правена пред многу години, оваа комуникација е од особена важност за Агенцијата. | Даниела Рендевска, контакт лице за Конвенцијата за биолошка разновидност (КБР) од МЖСПП |
| 9 | Деспина Китанова, МЕД | Сите инвеститори при изградба на поедини инвестиции плаќаат надоместок за заштита на животната средина. Исто така секој концесионер плаќа одредена сума пари за експлоатација на минерални суровини. МЖСПП ниту општините не ги користат овие пари за заштита на биолошката разновидност. МЖСПП треба да се бори дел од овие средства да се користат за таа намена. | | |
| 10 | Борис Стипцаров, БиоС Про | Колку МЖСПП има комуникација со директори или одговорни лица на сектори од министерствата или компаниите кои имаат најголеми притисоци врз животната средина. Овие лица се насочени кон | Во сите големи проекти постојат лица назначени за заштита на животната средина. Од друга страна законските барања, директно или индиректно ги инволвираат одговорните лица во | Даниела Рендевска, контакт лице за Конвенцијата за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | економски развој и може воопшто да не се запознаени со заштитата на животната средина и биолошката разновидност. | преземање мерки за заштита на биолошката разновидност. | биолошка разновидност (КБР) од МЖСПП |
| 11 | Академик Владо Матевски, ПМФ | Голем број заштитени подрачја не се разликуваат од концесиски простори. Заштитените подрачја подлежат на самофинансирање и истите претставуваат извор на егзистенција. За да се подобри управувањето со биолошката разновидност во заштитените подрачја, потребно е заштитените подрачја да бидат финансирани од Државата. Освен тоа неопходно е да се зголеми површината на заштитените подрачја за да се обезбеди заштита на загрозените видови и живеалишта. | | |

### 2.1 Одговор на забелешките од одржаната јавна расправа

Во врска со забелешките на Проф. др. Љупчо Меловски, дадени на отворената дискусија на јавната расправа, изработувачот на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план истите ги прифати и ги вгради во финалната верзија од Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина.

## 3 КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ

Во точка 2 од Одлуката за спроведување на постапката за СОЖС, донесена од Министерството за животна средина и просторно планирање (Одлука бр. бр.11-11706/1 од 20.11.2014), се утврдени засегнатите органи од имплементација на Стратегијата. Листата на засегнатите органи е приложена во Прилог 3 на овој Извештај.

Во периодот предвиден за консултации со јавноста во врска со подготвените документи, од страна на засегнатите органи не се доставени забелешки по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина.

## 4 КОНСУЛТАЦИИ СО ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ

Во периодот предвиден за консултации со јавноста во врска со подготвениот Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Нацрт Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план од страна на пошироката јавност не се доставени забелешки до изработувачот на Извештајот и до Министерството за животна средина и просторно планирање во пишана или електронска форма (на веб страната на МЖСПП).

## 5 ЗАКЛУЧОК

Врз основа на одржаната јавна расправа по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Нацрт Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план и законски утврдениот рок од 30 дена од денот на објавата на истиот на веб страната на МЖСПП, во кој беше обезбедено учество на јавноста, до Министерството за животна средина и просторно планирање не беа доставени дополнителни забелешки во пишана и електронска форма по содржината на Извештајот, како од засегнатите органи така и од пошироката јавност.

Врз основа на горенаведеното, може да се заклучи дека засегнатите органи и пошироката јавност се согласуваат со содржината на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина.

# Прилог 1

# Објави за јавен увид и одржување јавна расправа



Република Македонија

Министерство за животна средина и просторно планирање

ПОЧЕТНА МИНИСТЕРСТВО МЕДИЈА РЕГУЛАТИВА ДОКУМЕНТИ ПРОЕКТИ ТЕМИ ИЗВЕШТАИ НИС СЕРВИСИ ЈАВНИ ОБЈАВИ КОНТАКТ

Вие сте тука: Почетна / Соопштенија / ЈАВЕН УВИД во врска со Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план за период до 2020 год. со визија до 2050 год.(нацрт верзија) и Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Стратегијата (нацрт верзија)

**ЈАВЕН УВИД во врска со Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план за период до 2020 год. со визија до 2050 год.(нацрт верзија) и Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Стратегијата (нацрт верзија)**

март 24, 2015

Врз основа на член 69 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11), Министерството за животна средина и просторно планирање организира

**ЈАВЕН УВИД**
**во врска со**

**Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план за период до 2020 година, со визија до 2050 година (нацрт верзија) и Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Стратегијата (нацрт верзија)**

Се известува засегнатата јавност дека во рамките на Проектот „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план (НСБРАП) и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност", кој го спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање и Канцеларијата на Програмата на Обединетите Нации за животна средина (УНЕП) од Виена, со финансиска поддршка на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ), изработена е **Нацрт Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план за период до 2020 година, со визија до 2050 година и Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Стратегијата.**

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста, подготвените документи се достапни за јавен увид на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање (www.moepp.com.mk), како и во канцелариите во Секторот Природа при Министерството за животна средина и просторно планирање, секој работен ден од 8.30-16.30 h, во период од 30 дена од денот на објавување. Периодот за јавен увид ќе трае од **20.03.2015-20.04.2015** година.

Ве покануваме вашите мислења, забелешки и сугестии по објавените документи да ги доставите во предвидениот период за јавен увид до:

Контакт лице: Даниела Рендевска

e-mail: d.rendevska@moepp.gov.mk

тел: 3251-438

Адреса: Министерство за животна средина и просторно планирање

Бул. „Гоце Делчев" бр.18, зграда на МРТВ (10-ти,11-ти,12-ти кат)

1000 Скопје, Република Македонија

**СООПШТЕНИЈА**

Ве известуваме дека на ден 08.04.2015г. (среда) министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири ќе престојува во Приштина каде ќе оствари работна средба со министерот за животна средина и просторно планирање на Република Косово, Ферид Агани. На средбата ќе се дискутира за унапредување

*Прочитај повеќе...*

април 7, 2015

ОБЈАВА за изготвен извештај за соодветноста на Студијата за оцена на

Република Македонија

Министерство за животна средина и просторно планирање

ПОЧЕТНА МИНИСТЕРСТВО МЕДИЈА РЕГУЛАТИВА ДОКУМЕНТИ ПРОЕКТИ ТЕМИ ИЗВЕШТАИ НИС СЕРВИСИ ЈАВНИ ОБЈАВИ КОНТАКТ

Вие сте тука: Почетна / Соопштенија / Информација за одржување јавна расправа по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план

## Информација за одржување јавна расправа по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план

април 01, 2015

Министерството за животна средина и просторно планирање ја известува заинтересираната јавност дека јавната расправа по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план ќе се одржи на 7.04.2015 година (вторник), во Хотел Порта, ул. Владимир Комаров бб, Скопје со почеток во 12.00 часот.

**Дневен ред**

*7ми април 2015 година*

*Хотел Порта, ул. Владимир Комаров бб (нас. Аеродром), Скопје*

| | |
|---|---|
| 12:00 – 12:30 | Регистрација на учесниците |
| 12:30 – 12:45 | Отворање на состанокот<br>*Претставник од МЖСПП* |
| 12:45 – 13:00 | Процес на ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план<br>*Академик Владо Матевски, тим лидер на проектот* |
| 13:00 – 13:20 | Содржина на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план<br>*М-р Робертина Брајаноска, национален консултант за координација на проектот* |
| 13:20 – 14:00 | Презентирање на извештајот за стратешка оцена за влијанието врз животната средина од имплементација на Стратегијата за биолошка разновидност со акциски план<br>*Менка Спироска, Деконс Ема* |
| 14:00 – 14:30 | Кафе пауза |
| 14:30 – 15:30 | Дискусија |
| 15:30 – 16:30 | Заклучоци и затворање на состанокот |

**СООПШТЕНИЈА**

март 24, 2015

ЈАВЕН УВИД во врска со Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план за период до 2020 год. со визија до 2050 год.(нацрт верзија) и Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Стратегијата (нацрт верзија)

Врз основа на член 69 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како

*Прочитај повеќе...*






# Прилог 2

# Записник од одржана јавна расправа

# ЗАПИСНИК ОД ЈАВНА РАСПРАВА

## ПО
## НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
## ЗА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

**Април, 2015**

1

***Записник од јавна расправа***
***по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на***
***животната средина за Национална стратегија за***
***биолошка разновидност со акциски план***

| | |
|---|---|
| **Предмет:** | **Записник од јавна расправа по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на животната средина за Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план** |
| **Датум:** | 07.04.2015 година |
| **Време:** | 12.00-15:00 часот |
| **Локација:** | Хотел „Порта“, Скопје |

**Листа на учесници**

| Реден број | Име и презиме | Организација/институција |
|---|---|---|
| 1. | Игор Трајковски | МЖСПП, Управа за животна средина |
| 2. | Даниела Рендевска | МЖСП |
| 3. | Робертина Брајановска | УНЕП, проектен координатор |
| 4. | Владо Матевски | ПМФ, Скопје |
| 5. | Менка Спировска | ДЕКОНС ЕМА Скопје, Екперт за СОЖС |
| 6. | Јулијана Никова | ДЕКОНС ЕМА Скопје, Екперт за СОЖС |
| 7. | Драги Тарчуговски | ЦУК |
| 8. | Скуф Фетап | МЖСПП |
| 9. | Снежана Милковска | Институт за медицина на трудот, Скопје |
| 10. | Љупчо Меловски | МЕД, ПМФ – Институт за биологија, Скопје |
| 11. | Лариса Китанов Ацевска | МЗШВ |
| 12. | Фросина Трајковска | ЗЗ Агро Фаланга |
| 13. | Тони Дуков | ЗЗ Агро Фаланга |
| 14. | Павлина Здравева | УНДП |
| 15. | Цветан Трипунов | МЗШВ |
| 16. | Љупче Станковски | ЗЗ ЗЗ Агро Фаланга |
| 17. | Борис Стипцаров | БиоС Про, Скопје |
| 18. | Ана Петрова | РЕЦ |
| 19. | Славчо Христовски | ПМФ - Институт за биологија, МЕД |
| 20. | Роска Н. Вукојевиќ | МЖСПП |
| 21. | Смиљка Тенева | МЖСПП |
| 22. | Александар Настов | СП/УЖС, МЖСПП |
| 23. | Влатко Трпески | МЖСПП |
| 24. | Сашко Јорданов | МЖСПП |
| 25. | Маја Лазареска | МЗЖВ |

| | |
|---|---|
| Записникот го подготви: | Влатко Трпески, Раководител на Сектор Природа, Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Датум: | 14.04.2015 година |
| Потпис: | |

**Записник од јавна расправа**
**по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на**
**животната средина за Национална стратегија за**
**биолошка разновидност со акциски план**

## ВОВЕД

Јавната расправа ја отвори и ја водеше г-ѓа Даниела Рендевска, контакт лице за Конвенцијата за биолошка разновидност (КБР) од Министерството за животна средина и просторно планирање. Таа ги поздрави присутните и објасни дека целта на јавната расправа е презентирање на наодите од нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Извештај за СОЖС), како и презентирање на содржината на Национална Стратегија за биолошка разновидност со акциски план.

Воведно излагање за потребата од подготовка на Националната Стратегија за биолошка разновидност со акциски план и законската обврска за подготовка на Извештај за СОЖС имаше г-нот Игор Трајковски, Директор на Управата за животна средина при Министерството за животна средина. Тој нагласи дека Република Македонија во процесот на приближување кон ЕУ максимално е посветена на исполнување на целите и барањата на европското и националното законодавство за заштита на биолошката разновидност. Изработката на Стратегијата претставува еден од чекорите за исполнување на заложбите за заштита на биолошката разновидност.



**Слика 1** Отворање на јавната расправа

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ СО АКЦИСКИ ПЛАН

**Презентер: Акад. Владо Матевски, Тим лидер на проектот**

Во своето излагање Акад. Владо Матевски, тим лидер на проектот даде осврт на спроведените чекори во процесот на подготовка на Стратегијата, како дел од Проект „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност“. Овој проект е финансиран од Глобалниот Еколошки Фонд (ГЕФ), а имплементациона агенција е канцеларијата на УНЕП во Виена. Корисник на Проектот е Министерство за животна средина и просторно планирање. Проектот е реализиран во периодот од јануари 2013-декември 2014.

Понатаму, во презентацијата беше ставен акцент на експертскиот тим кој учествувал во подготовка на Стратегијата, компонентите на проектот и беше даден краток осврт на

спроведените активности за изработка на нацрт НСБРАП, како и процесот на вклучување на засегнатите страни (организација на повеќе работилници и состаноци) при нејзината изработка.



**Слика 2** Презентација на Националната Стратегија за биолошка разновидност со акциски план

**Презентер: М-р Робертина Брајаноска, Национален консултант за координација на проектот**

Во своето излагање М-р Робертина Брајаноска, накратко ги презентираше компонентите на проектот  и направи осврт на содржината на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план. Имено, НСБРАП во својата содржина вклучува вовед за значењето на биолошката разновидност за човековата благосостојба, основни карактеристики на Македонија, информации за состојбата со биолошката разновидност, анализа на заканите и секторите кои влијаат на загубата на биолошката разновидност, краток осврт на екосистемските услуги, институционална, законска и финансиска рамка за зачувување на биолошката разновидност, правна заштита на биолошката разновидност, истражување и мониторинг, едукација и јавна свест, анализа на првиот Акциски план за биолошка разновидност (донесен во 2004 година), како и ново идентификуваните стратешки и национални цели. Акцискиот план за биолошка разновидност вклучува вкупно 122 акции и 113 подакции. Главен акцент во Акциониот план е ставен на вградување на прашањата за заштита на биолошката разновидност во различните секторски политики, а предвидените акции вклучуваат: активности за подигнување на јавната свест, едукација и јакнење капацитети на различни нивоа, заштита на одредени значајни видови и живеалишта, спроведување истражувања и зголемување на знаењето, воспоставување бази на податоци и механизам за размена на информации (CHM), проширување на мрежата на заштитени подрачја (национални и меѓународни), нејзино поврзување со еколошки коридори, и подобрување на ефикасноста на управувањето, развивање и дополнување соодветни законски и институционални решенија и воспоставување одредени процедури, и користење различни приоди и алатки (пр. ОВЖС и СОЖС) заради ефикасна заштита на биолошката разновидност.

**Записник од јавна расправа по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на животната средина за Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план**



**Слика 3** Презентација на Националната Стратегија за биолошка разновидност со акциски план

**ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**Презентер: Менка Спировска, дипл. биолог, овластен експерт за СОЖС**

Во своето излагање г-ѓа Менска Спировска, овластен експерт за СОЖС ја презентираше содржината на Извешајот за стратегиска оцена на животната средина, со посебен осврт на поглавјата дадени во продолжение:

**1) Вовед во Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС): Цели и задачи на СОЖС, Правна рамка со која се регулира постапката на СОЖС, Интегрирање на постапките за подготовка на Стратегијата и СОЖС, СОЖС Методологија, Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста**

Во рамките на оваа точка од презентацијата, г-ѓа Спировска истакна дека Извештајот за СОЖС е дел од целата постапка за подготовка на Националната Стратегија за биолошка разновидност со акциски план, како и обврска која произлегува од Законот за животната средина. Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции" или политики, планови и програми. Целта е да се обезбедат информации за значителните влијанија врз животната средина од имплементација на Стратегијата и истите да бидат достапни до донесувачите на одлуки, во текот на подготовката на Стратегијата и пред нејзиното донесување.

**2) Корелација на целите на Стратегијата со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми**

Извештајот за СОЖС вклучува Резиме на главните цели од важните плански документи од повисок ранг поврзани со управувањето и заштита на животната средина и биолошката разновидност, корелација на овие цели со целите на Стратегијата и во која мера целите на националните планови, програми, стратегии се земени предвид при изработка на Стратегијата или како истите ќе бидат постигнати со имплементација на Стратегијата. Таа нагласи дека во Прилог 2 од Извештајот за СОЖС е вклучена дополнителна анализа за корелацијата на целите

Страна 5 од 16

на Стратегијата со целите на другите национални планови, програми и стратегии, цели на Директивите на ЕУ, како и обврските кои произлегуваат од релевантните меѓународни конвенции.

**3) Релевантни аспекти на моменталната состојба од животната средина**

Во Извештајот за СОЖС се анализирани релевантни аспекти за моменталната состојба во животната средина, каде се анализирани следните теми: население и здравје на население, климатски карактеристики и квалитет на воздухот, состојба со климатските промени, бучава, води (хидрологија, квалитет на водите, управување со водните ресурси), почва и користење на земјиштето, биолошка разновидност и природно наследство, културно наследство и материјални добра.

**4) Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Стратегијата**

Во оваа точка е даден приказ на состојбите, трендовите и заканите врз биолошката разновидност, населението и здравјето на населението, воздухот, климатските промени, води, почви, културно наследство како и состојба без имплементација на Стратегијата.

Идентификувани се 13 главни сектори/области кои влијаат врз состојбата на биолошката разновидност:

- Земјоделство;
- Силвикултура, шумарство;
- Рударство, екстракција на материјали и производство на енергија;
- Транспортни и услужни коридори;
- Урбанизација, станбен и комерцијален развој;
- Друго искористување на биолошките ресурси, освен земјоделството и шумарството;
- Наметнување и вознемирување од страна на човекот;
- Загадување;
- Инвазивни, други проблематични видови и гени;
- Модификација на природните системи;
- Природни биотички и абиотички процеси (без катастрофи);
- Геолошки настани, природни катастрофи и Климатски промени.

**6) Области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите**

Во Извештајот за СОЖС анализирани се областите кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите.

**7) Цели на заштитата на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво**

Целите на заштита на животната средина, односно на СОЖС се прикажани преку статусот и заштитата на: биолошката разновидност, населението и здравјето на населението, водата, почвата, воздухот и климатските промени, материјалните добра, културното наследство и интеракцијата помеѓу нив.

Покрај главните цели на СОЖС во Извештајот се прикажани и специфичните цели на СОЖС, поврзаноста на целите на СОЖС со целите и насоките на Стратегијата и индикатори со кои ќе се потврди дека се постигнати целите на СОЖС.

**8) Можни значајни влијанија врз животната средина, мерки за намалување**

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема предвид влијанијата на предвидените акции во Националната Стратегија за биолошка разновидност со акциски план

врз сите медиуми и области на животната средина и социо-економските придобивки, но од генерален аспект.

Голем број од акциите во Стратегијата даваат насоки за подготовка на други, секторски стратегии, планови, програми и проекти или пак соодветна регулатива, заради динамиката на релевантните случувања на национално и меѓународно ниво и процесот на приближување до ЕУ.

Имплементацијата на акциите за постигнување на националната цел ќе допринесе за:

- ✓ позитивни влијанија врз сите медиуми и области од животната средина и здравјето на населението.
- ✓ отворање можности за вработување и подобрување на социјалниот статус на населението.

Истите може да предизвикаат и негативни влијанија од социоекономски аспект врз бизнис секторот и населението, изразени преку: зголемени давачки, надоместоци, трошоци, промена на воспоставени практики и техники на оперирање, забрана за вршење дејности, укинување на субвенции, можно зафаќање на приватен имот/земјиште, промена на тековните животни навики и традиции и сл.

За намалување на влијанијата предвидени се мерки за намалување.

**9) Анализа на алтернативи**

Во Извештајот за СОЖС се разгледувани две алтернативи, односно состојби без и со имплементација на Стратегија.

Состојба без имплементација на Стратегијата:

- Состојбите со биолошката разновидност ќе останат на сегашно ниво;
- Република Македонија нема да одговори на барањата на Конвенцијата за биолошка разновидност (како нејзина земја членка);
- Нема да се преземат директни акции за подобрување на состојбата со биолошката разновидност, односно ќе продолжат трендовите и заканите врз биолошката разновидност и останатите медиуми и области во животната средина кои влијаат врз неа.

Врз основа на оценката на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти, констатирано е дека алтернативата да се имплементира Националната Стратегија за биолошка разновидност со акциски план е поприфатлива алтернатива.

**10) План за мониторинг**

Стратегиската оцена на животната средина вклучува следење на спроведувањето на планираните активности и примена на мерките за намалување на сите значајни идентификувани позитивни и негативни влијанија кои би произлегле од имплементација на Стратегијата.

**11) Препораки**

На крајот од презентацијата, од страна на екпертот за СОЖС беа дадени следните препораки:

- Детална анализа на законските обврски, како и обврските кои потекнуваат од потпишаните национални и меѓународни договори во сите секторски политики и нивно усогласување.
- Креирање правни и институционални капацитети за имплементација на предвидените активности.
- Националниот Комитетет за биолошка разновидност и Националниот совет за одржлив развој на Република Македонија, во соработка со ресорните министерства и институции, да обезбедат усогласеност на мерките за заштита на биолошката

разновидност предложени во Стратегијата, со секторските стратешки и плански активности кои ја опфаќаат истата временска рамка, а уште повеќе и со идните секторски стратегии и планови.

- Да се обезбеди широка меѓусекторска соработка, дискусија и усогласување на текстови на плански документи, кои опфаќаат повеќе сектори.
- Обезбедување институционална поддршка за спроведување на мерките од Стратегијата на хоризонтално и вертикално ниво, преку изградба на адекватна административна структура и воспоставување систем за контрола над спроведувањето на мерките во ресорните институции, јавни претпријатија и приватниот сектор.
- Подигнување на јавната свест за вредноста на биолошката разновидност и за учество на јавноста во донесување одлуки во областа на животната средина.
- Подготовка на сеопфатна анализа за вредноста на екосистемските услуги на национално ниво.
- Финансиска анализа за придобивките и загубите од вградување на мерките за заштита на биолошката разновидност во сите сектори кои најмногу допринесуваат за состојбата со биолошката разновидност.
- Усогласување на одредбите во Законот за заштита на животна средина, кои се однесуваат на постапките за СОЖС и ОВЖС со барањата на Законот за заштита на природата, особено во однос на простори кои се дел од Емералд подрачјата и идни Натура 2000.
- Измени и дополнувања на Законот за заштита на природата и изготвување на подзаконски акти, заради понатамошно транспонирање на одредбите од ЕУ Директивата за зачувување на живеалиштата и дивата флора и фауна и ЕУ Директивата за зачувување на дивите птици.
- Преиспитување на субвенциите и издадените концесии за искористување на природните ресурси кои значително би ги нарушиле вредностите на биолошката разновидниот и екосистемските услуги.
- Едукација на населението и приватниот сектор за искористување на алтернативни практики, методи и стопански дејности со кои ќе се постигнат социо-економски придобивки.
- Воспоставување на финансиски модели и алатки за финасирање на акциите за постигнување на целите за заштита на биолошката разновидност.
- Приоритетизацијата на буџетските и донаторски финансиски текови да го вклучуваат и индикаторот за тоа дали предвидената акција придонесува за зачувување на биолошката разновидност.
- Воспоставување ставка во Буџетот на РМ за заштита на биолошката разновидност.
- Воведување даночни и царински олеснувања во насока на заштита на биолошката разновидност.
- Доделување субвенции или олеснителни давачки со цел поттикнување и примена на модерни практики во управувањето со земјоделството и шумарството.
- Воспоставување капацитети и механизми за одржливо управување со шумите.
- Идентификација на шумите богати со биолошка разновидност, спроведување инвентаризација и сертификација на шумите.
- Поттикнување на практиката за одржливо стопанисување на шумите, водите и земјиштето.

- Комплетирање на плановите за управување со отпадот на регионално и локално ниво и нивна имплементација.
- Комплетирање на плановите за управување на сливни подрачја и нивна имплементација.
- Зајакнување на институционалните капацитети на централно и локално ниво за воспоставување мониторинг на биолошката разновидност, единствена база на податоци, управување со податоци и известување.
- Доусогласување на податоците на НСБРАП со податоци со кои располага Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор природа.

Исто така, на крајот од презентацијата беше нагласено дека од особена важност за целата постапка на изработка на Стратегијата и постапката за СОЖС е информирање на јавноста и нејзино активно вклучување.

Беше потенцирано дека нацрт Извештајот за СОЖС е објавен на веб страната на МЖСПП на 20.03.2015 година и е достапен за јавен увид во период од 30 дена од денот на објавување. Во овој период засегнатата јавност може ги доставува своите забелешки, мислења и сугестии. Истите ќе бидат вградени во финалната верзија на Извештајот за СОЖС.



**Слика 4** Презентација на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

**ДИСКУСИЈА**

По завршување на презентацијата, г-ѓа Даниела Рендевска, Контакт лице за КБР од Министерството за животна средина и просторно планирање отвори дискусија. Во продолжение се дадени прашањата, забелешките и одговорите од присутната јавност.

*Записник од јавна расправа*
*по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на*
*животната средина за Национална стратегија за*
*биолошка разновидност со акциски план*





**Слика 5** Засегната јавност

**Коментар 1: Влатко Трпески, Раководител на Сектор Природа, МЖСПП**

Ја подржува изработката на Стратегијата, но сака да праша дали постои добар пример или постапка како оваа Стратегија да се инкорпорира во другите секторски стратегии, како на пример во стратегиите за енергетика, шумарство и сл.

**Одговор: Менка Спировска, Експерт за стратегиска оцена на животната средина**

Факт е дека скоро сите земји го имаат проблемот со мегусекторската соработка за заштита на биолошката разновидност и одржливиот развој.

Владата ги координира работите за економски развој на државата, но недостасува свесност кај носителите на одлуки, особено при издавање концесии во природата за подрачја кои се каракеризираат со значајна биолошка разновидност и сл. Затоа е потребна едукација за подигање на свеста за вредноста на биолошката разновидност. При подготовка на Првата Национална стратегија за биолошка разновидност, постоеше комисија составена од членови, заменици министри, чија задача беше да го следат спроведувањето на Акцискиот план вклучително и измените на законската легислатива, но работите не се променија значително во таа насока. Кога станува збор за економскиот развој на државата се занемарува важноста на биолошката разновидност.

Државата може да искористи некоја од постојните алатки за усогласување на стратегиите, особено преку Советот за одржлив развој, кој претставува одличен механизам за меѓусекторска соработка. Преку ова тело може да се усогласат сите секторски стратегии, особено стратегиите за енергетика, транспорт, шумарство и сл., а исто така треба да се развие стратегија за патна мрежа, инфраструктура и сл. Но, покрај достапните алатки за постигнување на целите, од особена важност е желбата на Владата за постигнување на истите.

**Одговор: Даниела Рендевска, Контакт лице за КБР, МЖСПП**

Заштитата на биолошката разновидност е глобален проблем и затоа се усвоени Целите од Аичи за заштита на биолошката разновидност. Високо развиените земји ја уништуваат биолошката разновидност, но преземаат компезаторски мерки. Затоа треба да се дадат задолжителни мерки за секој инвеститор. Покрај постапките за СОЖС, ОВЖС и сл., треба да се започне со процедури на заштита на природата кои ќе допринесат за заштита на подрачјата богати со биолошка разновидност вредни за заштита.

**Коментар 2: Проф. Д-р Љупчо Меловски, ПМФ/МЕД**

Во Република Македонија има механизами за заштита, но заштитата на природата не оди најдобро. Треба да постојат одделенија за заштита на биолошката разноводност во сите институции. Далеку е поисплатливо да функционираат такви одделенија, отколку да се

инвестира во милионски проекти кои не може да се имплементираат заради заштитата на биолошката разновидност во заштитени или чувствителни подрачја. Типичен пример за тоа се инвестициите на ЕЛЕМ и заштитата на Националниот парк Маврово.

Во секторот шумарство има промени во свеста за заштита на биолошката разновидност, но сепак сеуште постојат проблеми во однос на комуникацијата.

Во делот на Извештајот за СОЖС, препораките повеќе наликуваат на акции, кои веќе се анализирани во Стратегијата. Истите треба да се ревидираат, односно да бидат поопшти и да дадат насоки како акциите да се имплементираат во секторите. Тоа е и главна цел на СОЖС.

Во однос на препораката финансиска анализа за придобивките и загубите од вградување на мерките за заштита на биолошката разновидност во сите сектори кои најмногу допринесуваат за состојбата со биолошката разновидност, треба да се земе предвид дека биолошката разновидност по дефиниција не е сектор. Како нација заедно со сите нации во светот сме должни истата да ја зачуваме. Биолошката разновидност има вредност како и културното наследство. Економските вредности од поединечни проекти не може да се споредуваат со овие вредности. Исто така заштитата на биолошката разновидност не е финансиска загуба, туку трошок кој државата треба да го плати.

За загуба зборуваме кога веќе нешто постои од економски аспект, а мора да се затвори заради заштита на биолошката разновидност, а не на претпоставени активности или ресурси.

**Одговор: Менка Спировска, Експерт за стратегиска оцена на животната средина**

Економските загуби се однесуваат на загуби во случај да не се имплементира некоја активност. Ова особено се однесува на концесии за минерални суровини, црпење вода и сл. Треба да се има предвид дека државата има стратешки цели во сите сектори и области, програми и сл. Како пример може да се земе Министерството за економија, кое има програми за експлоатација на рудни богатства и истите треба да се реализираат во даден временски период. Затоа од особена важност е при анализите да се земе предвид вредноста на биолошката разновидност, како и расположивоста со природни ресурси.

Во однос на забелешката која се однесува на препораките, истата се прифаќа и препораките ќе бидат ревидирани.

**Коментар 3: Александар Настов, СП/УЖС, МЖСПП**

За усогласувањето на секторите во делот за заштита на биолошката разновидност има добри примери (од Азија, Австралија, Америка, Европа), а исто така постојат и различни фондации. Како пример ги спомна фондовите во МЗШВ во областа на агробиодиверзитетот. Биолошката разновидност нема вредност, истата е непроценлива и мора да се искористат сите механизми за нејзина заштита. Владата не смее да спроведува проекти кои допринесуваат за загуби на биолошката разновидност и не смее да се уништуваат видови заради економски придобивки.

**Коментар 4: Деспина Китанова, МЕД**

Скоро и да нема фонд за заштита на биолошката разновидност во државата, иако постојат странски фондови кои обезбедуваат донации за зачувување на биолошката разновидност. МЖСПП треба повеќе да се вклучи и насочи кон програмите на останатите секторски политики, како на пример програмата за рурален развој или ИПАРД програмата, кои вклучуваат активности за заштита на биолошката разновидност. Дури може да се вклучи и во програмите за енергетика.

**Одговор: Даниела Рендевска, Контакт лице за КБР, МЖСПП**

При изработка на Националната Стратегија за биолошка разновидност, сите засегнати страни од секторите беа поканети и вклучени во изработка на документот, во согласност со Архуската Конвенција и барањата на донаторите за изработка на Стратегијата. Голем број стратешки документи во останатите министерства се изработени со донации, но мал број министерства

при изработка на документите ги почитуваат обврските од Архуската конвенција за вклучување на засегната јавност.

**Коментар 5: Претставник од Агро Фаланга**

При изградба на проекти, оцената на биолошката разновидност да се врши пред изградба на проектот. Исто така, препораките за заштита на животната средина и биолошката разновидност да бидат обврзувачки за сите инвеститори, за да може навремено да се преземат мерки за заштита на биолошката разновидност.

**Одговор: Даниела Рендевска, Контакт лице за КБР, МЖСПП**

За сите проекти во националното законодавство е дефинирана и се спроведува постапка на СОЖС, ОВЖС кој вклучува изработка на студија или елаборати. За проектите кои ќе имаат значителни влијанија, пропишани се мерки за компензација. Република Македонија е единствена земја во регионот, која води постапка и за прекугранични влијанија. Овие постапки МЖСПП ги споведува на највисоко ниво.

**Коментар 6: Сашко Јорданов, МЖСПП**

Во Република Македонија постојат стратешки документи и законска регулатива за заштита на биолошката разновидност. Исто така, воспоставена е соработка помеѓу секторите, но истата треба да се унапредува. Потребно е да се разгледа можноста за формирање на посебен стручен орган на национално ниво, за вршење на стручни работи за заштитата на природата, а во таа смисла и на биолошката разновидност. Со цел да се унапреди спроведувањето на националната легислатива и меѓународните документи од обаста на заштитата на природата и биолошката разновидност, потребно е на национално ниво да се зајакнат институционалните капацитети.

**Одговор: Даниела Рендевска, Контакт лице за КБР, МЖСПП**

МЖСПП соработува со Советот за одржлив развој и во комуникација со истиот добиваат документи за кои треба да дадат свое мислења. Секторот Природа дава мислења кои треба да се вградат во документите кои се дадени на увид.

**Коментар 7: Ана Петрова, РЕЦ**

За превенција на биолошката разновидност од инфраструктурни проекти постои алатка, односно се издават услови за планирање на просторот од Агенцијата за планирање на просторот. Но, во Агенцијата за просторно планирање нема стручни лица или немаат капацитет за покривање на областа биолошка разновидност, затоа е потребно да се вработат стручни лица или Агенцијата да биде во постојана комуникација со Секторот природа при МЖСПП. Покрај услови за планирање, исто така може да се подготвуваат и финансиски анализи.

**Одговор: Даниела Рендевска, Контакт лице за КБР, МЖСПП**

Министерството за животна средина и просторно планирање е во постојана комуникација со Агенцијата за планирање на просторот. Имајки предвид дека Студијата за природно наследство изработена за потребите на Просторниот план е правена пред многу години, оваа комуникација е од особена важност за Агенцијата.

**Коментар 8: Деспина Китанова, МЕД**

Сите инвеститори при изградба на поедини инвестиции плаќаат надоместок за заштита на животната средина. Исто така секој концесионер плаќа одредена сума пари за експлоатација на минерални суровини. МЖСПП ниту општините не ги користат овие пари за заштита на биолошката разновидност. МЖСПП треба да се бори дел од овие средства да се користат за таа намена.

**Коментар 9: Борис Стипцаров, БиоС Про**

Колку МЖСПП има комуникација со директори или одговорни лица на сектори од министерствата или компаниите кои имаат најголеми притисоци врз животната средина. Овие лица се насочени кон економски развој и може воопшто да не се запознаени со заштитата на животната средина и биолошката разновидност.

**Одговор: Даниела Рендевска, Контакт лице за КБР, МЖСПП**

Во сите големи проекти постојат лица назначени за заштита на животната средина. Од друга страна законските барања, директно или индиректно ги инволвираат одговорните лица во преземање мерки за заштита на биолошката разновидност.

**Коментар 10: Академик Владо Матевски, ПМФ**

Голем број заштитени подрачја не се разликуваат од концесиски простори. Заштитените подрачја подлежат на самофинансирање и истите претставуваат извор на егзистенција. За да се подобри управувањето со биолошката разновидност во заштитените подрачја, потребно е заштитените подрачја да бидат финансирани од Државата. Освен тоа неопходно е да се зголеми површината на заштитените подрачја за да се обезбеди заштита на загрозените видови и живеалишта.

По исцрпната дискусија, г-ѓа Рендевска им се заблагодари на присутните и јавната расправа заврши во 15:00 часот.

**ПРИЛОЗИ**

Прилог 1: Листа на учесници

# Прилог 1

# Листа на присутни

**Записник од јавна расправа
по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на
животната средина за Национална стратегија за
биолошка разновидност со акциски план**

Проект "Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност"

**Јавна расправа по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план**

*07 април 2015 година, Скопје, Република Македонија*

**Листа на учесници**

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција/организација | Телефон/ факс/ e-mail | Потпис |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Драган Тарусовски | ЦУК | 071 381 985 tarcusovski@yahoo.com | |
| 2 | Исуф Фетаи | МЖСПП | 070488 006 [illegible]@GMAIL.COM | |
| 3 | Стефана Милковска | ИНТ | 070628628 milkovska_s@yahoo.[illegible] | |
| 4 | Игор Трајковски | ИНСПП / УНЕ | | |
| 5 | Бујар Меловски | МЕД / ПМФ - Скопје | [illegible]@yahoo.com | |
| 6 | Владо Матевски | ПМФ - Ск. | vlado.matevski@yahoo.com | |
| 7. | Лариса Китанов Ацевска | МЗШВ | larisa.acevska@mzsv.gov.mk | |
| 8. | Доросија Трајковска | ЗЗ Агро фаланга | office@zzagrofalanga.mk | |
| 9 | Тони Дуков | ЗЗ Агро Фаланга | 078-375-203 | |
| 10. | Павлина Здравева | UNDP | 070 24 88 36 | |

Проект "Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност"

**Јавна расправа по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план**

*07 април 2015 година, Скопје, Република Македонија*

**Листа на учесници**

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција/организација | Телефон/ факс/ e-mail | Потпис |
|---|---|---|---|---|
| 11 | [illegible] | МЗШВ | 072 204 810 / [illegible]@yahoo | |
| 12 | Љупче Станковски | З.З. Агрофаланга | 078-257-898 office@[illegible] | |
| 13 | Борис [illegible] | Биос Про Скопје | 078/307-773 [illegible]@gmail.com | |
| 14 | [illegible] | [illegible] | 075/469-384 | |
| 15 | Јулијана Јанкова | Деконс ЕМА Скопје | 078 25 26 77 | |
| 16 | Даниела Ренделска | МЖСПП | d.rendevska@moepp.gov.mk | |
| 17. | Милена Спировска | Деконс ЕМА Ск. | m.spirovska@moepp.gov.mk | |
| 18 | Робертина Брајаноска | UNEP проектен координатор | robertina.brajanoska@moepp.mk | |
| | | | | |
| | | | | |

**Записник од јавна расправа по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на животната средина за Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план**

gef МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА UNEP

Проект "Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност"

**Јавна расправа по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план**
*07 април 2015 година, Скопје, Република Македонија*

**Листа на учесници**

| Ред бр. | Име и презиме | Институција/организација | Телефон/ факс/ e-mail | Потпис |
|---|---|---|---|---|
| 19 | Славчо Христовски | ПМФ - биологија | hristovskis@gmail.com | [illegible] |
| 20 | Тоска Н. Зуцкоровиќ | МЖСПП | [illegible]@yahoo.com | [illegible] |
| 21 | Смилјка Тагнева | МЖСПП | smiljkatageneva@yahoo.com | [illegible] |
| 22 | Александар Настов | СП/УНЕ, МЖСПП | anastov@gmail.com 076/445-943 | [illegible] |
| 23 | Влатко Трпески | МЖСПП | v.trpeski@[illegible] 076 405 395 | [illegible] |
| 24 | Сашко Јорданов | МЖСПП | s.jordanov@moepp.gov.mk 076 445 883 | [illegible] |
| 25 | Маја Лазаревска | МЗШВ | [illegible] 071 409-915 | [illegible] |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Страна 16 од 16

# Прилог 3

# Листа на засегнати органи

Секретаријат за европски прашања, Влада на Република Македонија;
- Министерство за финансии;
- Министерство за образование и наука (Биро за образование);
- Министерство за култура (Комисија за UNESCO);
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за економија;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за локална самоуправа;
- Министерство за здравство (Институт за јавно здравје);
- Национален комитет за биолошка разновидност;
- Национален совет за заштита на природата;
- Национален совет за одржлив развој;
- Заедница на единици на локалната самоуправа (ЗЕЛС);
- Биро за регионален развој;
- Јавно претпријатије „Македонски шуми“;
- Агенција за просторно планирање;
- Агенција за енергетика;
- Царинска управа на Република Македонија;
- Управа за хидрометеоролошки работи;
- Природонаучен музеј на Македонија;
- Јавна научна установа „Хидробиолошки институт“ Охрид;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;
- Јавно претпријатије за државни патишта;
- Јавно претпријатие за управување со пасишта;
- Зоолошка градина - Скопје;
- Стопанска комора на Македонија;
- Природно-математички факултет, Скопје;
- Шумарски факултет, Скопје;
- Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје;
- Факултет за ветеринарна медицина, Скопје;
-Земјоделски институт, Скопје.